*Бесплатен примерок*

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ

| Број 87 | Година XVI | јануари - април 2021 г. | Весник на Општина Аеродром




## Аеродром се збратими со Општина Палилула од Ниш

# СОДРЖИНА


ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЌЕ ДОБИЕ

НОВА АДМИНИСТРАТИВНА ЗГРАДА ................................3

АКТИВНОСТИ ........................................................ 4 - 9

ЕКОЛОГИЈА ................................................... 10 - 17

ОБРАЗОВАНИЕ ............................................... 18 - 21

СПОРТ ............................................................. 22 - 25

ЗДРАВЈЕ .......................................................... 26 - 27

ЅИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ ......................28 - 29

ЖИВОТ ............................................................................ 30

ИНФО............................................................................. 31




MKC EN ISO 9001:2015


Првиот број на весникот „Аеродром“ излезе во јуни 2006 година
Весникот излегува како двомесечник

**Редакција**
д-р Маја МАНЧЕВСКА
м-р Гордана АЦЕСКА
м-р Александра МИЛЕВСКА-ПЕТРОВСКА
Ивана ЈОВАНОВИЌ-АЦКОВСКА
Елена БАКРАЧЕСКА-ПОПОВСКА

**Уредува**
Одделение за односи со јавност и развој и поддршка на интегралниот информациски систем

**Лектор**
м-р Гордана Ацеска

**Дизајн**
Печатница Серафимовски ДОО Скопје

Фоторепортер
Бојан Тренчевски

**Издава**
Општина Аеродром

**Градоначалник**
Златко Марин

**Печати**
Печатница Серафимовски ДОО Скопје

тираж 30.000 примероци



телефон: 2401 516
факс: 2401 546

e-mail: vesnik@aerodrom.gov.mk
**www.aerodrom.gov.mk**

**Адреса:**
Јане Сандански 109 Б,
1000 Скопје

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЌЕ ДОБИЕ НОВА АДМИНИСТРАТИВНА ЗГРАДА

„Општина Аеродром по 16 години постоење, конечно ќе добие своја зграда. Тоа е од исклучително значење затоа што со нејзината изградба веќе нема да се плаќа висок месечен наем, а исто така и аеродромци ќе добијат пристојни услови каде што ќе можат да ги добијат сите граѓански услуги. Зградата ќе биде нова препознатлива точка отворена за сите и ќе претставува нов дом на сите аеродромци“, порача градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин.

Тој додаде дека новата зграда има цел да ги зближи аеродромци, преку отвореност, комуникација и динамична атмосфера со која се создава чувство на заедништво.

Зградата, покрај административниот дел, ќе содржи и мултифункционален центар за собири на граѓани каде што ќе можат да се организираат средби, венчавки и друг тип културни настани, интрегрирана подрачна единица и други простории што ќе бидат отворени за граѓаните.

Ова идејно решение за административна зграда беше избрано на конкурсот за избор на идејно архитектонско решение за проектирање управна (општинска) зграда, од 22 пристигнати труда.

Трите најдобри решенија добија парични награди во висина од 300 000 денари за прво место, 100 000 денари за второ место и 50 000 денари за трето место.








# ОПШТИНА АЕРОДРОМ СЕ ЗБРАТИМИ

Градоначалниците на Општина Аеродром и на нишката општина Палилула, Златко Марин и Братислав Вучковиќ, на 16-тиот роденден на Аеродром потпишаа Повелба за заедничко пријателство меѓу двете општини во присуство на градоначалничката на Ниш, Драгана Сотировски, која ја предводеше српската делегација.

„Со големо задоволство можам да кажам дека денеска ја официјализиравме соработката што неодамна ја почнавме со нашата пријателска општина Палилула. На тој начин отворивме нови можности за развој на европскиот пат“, изјави градоначалникот Марин.

Збратимувањето го поздрави и неговиот колега од Палилула градоначалникот Вучковиќ, кој рече дека „првите соседи треба да соработуваат, особено на планот на решавање на еколошките проблеми, размена на искуства во работењето на владите за да се постигне европската агенда и особено при аплицирање во европските фондови“.

Двајцата градоначалници посочија дека е заеднички интерес да се поттикнува и индивидуалната свест и добрата волја што ќе помогне да се развиваат културните, пријателските и економските врски.



# СО ОПШТИНА ПАЛИЛУЛА ОД НИШ



Српската делегација, во чиј состав имаше и претставници на македонското малцинство, исто така оствари средба со дел од членовите на Српскиот културно-информативен центар „Спона“ од Скопје, на која стана збор за соработката меѓу културните центри од Скопје и Ниш и за можните идни проекти. Притоа, беше предложено децата што го изучуваат српскиот јазик како изборен предмет на училиште да ги посетат своите врсници во Палилула и Ниш.

Високите гости од Србија посетата на Скопје ја завршија со средба кај градоначалникот на Град Скопје, Петре Шилегов, по иницијатива на збратимените градски општини Аеродром од Скопје и Палилула од Ниш.

На официјалната средба градоначалниците на Скопје и Ниш, Шилегов и Сотировски, ги разменија своите искуства од тековното работење, можностите за развој и перспективите за идната соработка. Притоа, градоначалничката Драгана Сотировски иницираше средба на истиот состав во Ниш, на која би се придружила и градоначалничката на Софија, Јорданка Асенова Фандкова, и би се креирала долгорочна трилатерална стратегиска соработка на релација Скопје – Ниш – Софија.





# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МАРИН ДОДЕЛИ ПЛАКЕТИ ПОВОД РОДЕНДЕНОТ




Прим. д-р Жарко Карацовски, претседател на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, кој неуморно и храбро ја предводи битката против пандемијата со КОВИД-19

По повод 16 години постоење, Општина Аеродром во паркот „Авионче“ постави изложбено плато на отворено под наслов „Минато, сегашност, иднина“ за досегашните и идните проекти што ја водеа да стане прва општина со европско знаменце. На овој начин, во услови на пандемија и мерки и препораки за заштита, Општината го одбележа скромно 16. роденден.

„Навистина е огромна чест да ги презентирам сите овие проекти од постоењето на Општината. Со реализацијата на овие проекти, Општина Аеродром се доближува до вредностите на Европската Унија. Жителите на Општината заслужуваат да живеат со овие вредности на Европа и ние како општинска администрација, ги користиме сите можности, проекти, соработка со други општини, граѓански организации, како и меѓугранична соработка со нашите соседи за да ги подобриме условите за живеење во Општината“, рече Златко Марин, градоначалник на Аеродром.

При презентацијата на отворено во паркот „Авионче“ градоначалникот Марин додели и три признанија на заслужни жители на Општина Аеродром за 2020 година: **Алексеј Тасиќ**, ученик во деветто одделение во основното училиште „Ѓорѓија Пулевски“, кој на 14 години освои златен медал на Меѓународната иранска геометриска олимпијада, потоа **Игор Ангеловски**, селектор на Македонската фудбалска репрезентација, кој за првпат ја однесе нашата земја на Европското првенство и сè уште реди успеси со наша-

# НА ТРОЈЦА ЗАСЛУЖНИ АЕРОДРОМЦИ ПО НА ОПШТИНАТА

та репрезентација, како и прим. д-р **Жарко Карациовски**, претседател на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, кој неуморно и храбро ја предводи битката против пандемијата со КОВИД -19.

„Огромно е задоволството и гордоста да се пофалиме дека Аеродром е дом на вакви успешни граѓани. Ќе продолжиме да ги подобруваме условите за живот во нашата Општина и да ги негуваме европските вредности", додаде градоначалникот Марин.



Игор Ангеловски, селектор на Македонската фудбалска репрезентација, кој за прв пат ја однесе нашата земја на Европско првенство и сè уште реди успеси со нашата репрезентација







Алексеј Тасиќ, ученик во деветто одделение во основното училиште „Ѓорѓија Пулевски", кој на 14 години освои златен медал на Меѓународната иранска геометриска олимпијада






# АЕРОДРОМ — ПРВА ОПШТИНА

„Стратегиската платформа што ја донесовме за следните 4 години ќе биде наш патоказ за носење на европските стандарди и вредности дома. Продолжуваме да инвестираме за чиста животна средина, поквалитетно урбано живеење и развој на руралните делови од Општина Аеродром. Ова ќе го направиме заедно со нашите домашни и меѓународни партнери, заедно со Делегацијата на ЕУ, чиј претставник е тука со нас. Ќе ја зајакнеме соработката со невладиниот сектор, со меѓународни асоцијации и здруженија, со институциите и граѓаните. Ќе ја искористиме целата поддршка што ни е достапна за овозможување подобар квалитет на живеење во нашата општина. Подобар квалитет на живот за сите наши жители", рече Златко Марин, градоначалник на Општина Аеродром на официјалната промоција на Платформата 2021-2025 под мотото „Аеродром – прва општина со европско значење".

Со ова општината се надоврзува на стратегиската рамка на Владата „Акција 21 – за европски стандарди дома" и со сите регионални движења во рамките на Европската Унија.

Раководителот на Секторот за економски прашања, зајакнување на институциите и прекугранична соработка на Делегацијата на ЕУ во РСМ, Фрек Јанмат, ја поздрави платформата на Општина Аеродром и во име на Делегацијата изрази подготвеност за стимулирање на процесот на децентрализација на локалната самоуправа, која се смета за една од најважните вредности во Европската Унија.

Стратегијата предвидува соработка со домашни и меѓународни партнери за реализација на заедничките цели, како и учество во меѓународни програми за поддршка на локални самоуправи. Предвидено е воведување нова европска, системски базирана методологија за одржување хигиена, управување и селекција на отпад со непосредна и интерактивна соработка со жителите на општината. Ќе продолжат инвестициите во поквалитетно образование – ќе се обезбедат смарт-табли и лифтови за пристап на лица со попреченост за секое училиште во соработка со Скопскиот плански развоен регион и Светска банка.

Модернизацијата е посебна програмска цел на ЕУ иницијативата Европски одржливи градови (European Sustainable Cities), која Општина Аеродром ќе ја реализира со поддршка од Transformative Actions Program (TAP). Општината ќе партиципира во програмата на ЕУ за урбана мобилност (EU UrbanMobility) за да ги зајакне своите локални капацитети и да обезбеди пристап до климатски финансии.

Општина Аеродром ќе ги модернизира и своите рурални подрачја во Горно и Долно Лисиче, каде што планира да направи зона за рурален развој. Во делот на подобрување на квалитетниот начин на живот и развој на локалните можности за туризам ќе се изгради прв национален професионален голф-терен во земјава.



# СО ЕВРОПСКО ЗНАМЕНЦЕ

Во наредните денови почнува интензивна меѓуопштинска соработка и партнерство со општини што го поддржуваат спортот, а напролет ќе се реализира и спортско ТВ-шоу „Тројка за МЗТ“.

Исто така се презентира и првиот проект од стратегијата што го носи името „Clean AirDrom“, што претставува иновативен систем за управување со отпад според љубљанскиот модел со активно учество на граѓаните и на бизнис-заедницата.

И покрај актуелната ситуација со пандемијата, на презентацијата во хотел „Хилтон“ на 21.1.2021 година присуствуваа високи претставници на Владата, меѓу кои вицепремиерот Љупчо Николовски, директорот на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, Адем Цури, како и дел од дипломатскиот кор.










# ПРОГРАМА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ „ЗАМЕНИ“

**Заедниците на станари добиваат можност да донесат одлука што конкретно сакаат да заменат во својата зграда (обнова на фасада, реконструкција на покрив, нови ПВЦ надворешни прозорци и врати, набавка на лифт, смарт-систем за користење заедничка електрична енергија или да инвестираат во фотоволтаични покривни површини за генерирање соларна енергија), а Општината ќе учествува со одреден процент при секој потфат.**

Општина Аеродром ја презентираше Програмата за енергетска ефикасност „Замени“ во рамките на Стратегиската платформа за локален економски развој 2021-2025 година „Аеродром – прва општина со европско знаменце“.

„Акцискиот план на Програмата за енергетска ефикасност опфаќа сериозен пакет мерки со кои значајно се поттикнуваат жителите на Општина Аеродром да преземат соодветни заменски активности по свој избор со кои ќе ги намалат трошоците, а истовремено ќе придонесат за зголемена енергетска ефикасност на ниво на цела општина, рече и в.д. директорот на Јавното претпријатие за управување со развојни проекти на Општина Аеродром, Владимир Стевков.

„Ова е само почеток на соработката со заедниците на станари“, додаде тој. Тие на неколку состаноци беа информирани дека можат да изберат меѓу обнова на фасада, реконструкција на покрив, нови ПВЦ надворешни прозорци и врати, набавка на лифт, смарт-систем за користење заедничка електрична енергија или да инвестираат во фотоволтаични покривни површини за генерирање соларна енергија.

„Заедниците на станари добиваат можност да донесат одлука што конкретно сакаат да заменат во својата зграда, а Општината ќе учествува со одреден процент при секој потфат“, рече Александар Ѓоргиевски, раководител на Секторот за работи на градоначалникот.



# ЗАМЕНИ!


"SMART" систем за користење заедничка електрична енергија
Реконструкција на кров
Набавка на нов елеватор
Обнова на фасада
Нови PVC надворешни прозори и врати

# ВОВЕДУВАМЕ ЕВРОПСКА МЕТОДОЛОГИЈА

Граѓаните преку веб-страницата www.higi-aerodrom.mk можат интерактивно да комуницираат со општината и да пријавуваат проблеми со хигиената. Во пораката се очекува само да се објасни проблемот и, доколку е можно, да се прати фотографија. По решавање на проблемот, секој граѓанин што пријавил ќе добие известување и фотографија за решениот проблем.



# ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ХИГИЕНА

Општина Аеродром воведува нова интерактивна европска методологија за одржување на јавната хигиена во општината по теркот на градот Љубљана и јавното претпријатие „Снага“.

„Аеродром е прва општина во државата и во регионот што имплементира ваква практика. Целта е да спроведеме европски стандарди, вредности и проекти за чист и зелен Аеродром“, брифираше на неодамнешната средба со новинарите Александар Ѓоргиевски, раководител на Секторот за работи на градоначалникот.

Граѓаните преку веб-страницата www.higi-aerodrom.mk можат интерактивно, да комуницираат со општината и да пријавуваат проблеми со хигиената, каде што локалните власти постапуваат и ги решаваат овие проблеми согласно со можностите и надлежностите на општината.

„Секој жител на општината, преку оваа страница, преку телефон или преку електронска пошта, може да пријави проблем со хигиената. Во најбрз можен рок како општина се организираме со сите расположливи капацитети да го решиме проблемот. Во пораката очекуваме само да се објасни проблемот и доколку е можно, да се прати фотографија. По решавање на проблемот, секој граѓанин што пријавил ќе добие известување и фотографија за решениот проблем. Секако, ние секојдневно сме на терен и ги извршуваме нашите обврски за чист и зелен Аеродром. Само заедно може да го направиме Аеродром уште почист и уште позелен и да се гордееме со воведувањето на европските вредности“, изјави Дејан Антовски, раководител на Одделението за комунални работи и заштита на животната средина.



# АЕРОДРОМ ЈА ДОЧЕКА ПРОЛЕТТА

Општина Аеродром ја дочека пролетта со интензивно зазеленување засадувајќи различни видови дрвја на голем број локации.

Градоначалникот Златко Марин и учениците од основното училиште „Ѓорѓија Пулевски“ засадија зимзелени и листопадни дрвја од видот туја, јасен и платан во дворот на училиштето.

„Зазеленувањето на општината е мој врвен приоритет, затоа што тоа е еден од главните чекори за постигнување здрава и чиста животна средина. Преку ваквите акции младите генерации учат колку е важно да се грижат за природата. Ја користиме пролетта да ги обновиме постојните и да им обезбедиме на аеродромци повеќе чисти зелени површини“, порача градоначалникот Марин.

Претходно и дворот на основното училиште „Гоце Делчев“ во Горно Лисиче беше претворен во мала зелена оаза. Градоначалникот и вредните раце на учениците таму засадија околу 700 најразлични дрвја и хортикултурно го уредија училишниот двор.







И паркот „Нирнберг“ неодамна доби нови садници, а пролетното зазеленување продолжи и во близина на училиштето „Лазо Ангеловски“ и Детската улица „Тоше Проески“ со засадени повеќе видови листопадни и зимзелени дрвја.

Исто така, Општина Аеродром во соработка со Извидничко-поречанскиот одред „Галеб“ во Паркот на извидниците, новата зелена површина на раскрсницата меѓу булеварите „АСНОМ“ и „Србија“, по повод 66 години од основањето на овој одред засади шеесет и шест високостблести садници.

# СО ИЛЈАДНИЦИ НОВИ САДНИЦИ

Покрај реконструираниот паркинг на булеварот „Јане Сандански“ насадивме 600 високоразгранети грмушки во вид на жива ограда, кои имаат способност да го апсорбираат загадувањето.

Општина Аеродром останува посветена на создавање нови зелени површини и хортикултурно уредени катчиња, затоа што вложувањето во животната средина е трајна придобивка на сите сегашни и идни генерации.



Го збогатуваме зеленилото во општината и се грижиме за животната средина



Градиме висока еколошка свест!

# ПОЧНА ИЗГРАДБАТА НА НОВИОТ УРБАН ПАРК ПОКРАЈ БУЛЕВАР „ТРЕТА МАКЕДОНСКА БРИГАДА“

Почна изградбата на новиот урбан парк што ќе се протега меѓу булеварот „Трета македонска бригада“ и касарната „Гоце Делчев“ на улица „1615“.

„Ова место коешто претставуваше див паркинг, неуреден и неосветлен простор, прераснува во прекрасно уреден урбан парк со површина од 2 500 квадратни метри приспособен за сите генерации. Се радувам што и жителите на овој дел од Аеродром ќе добијат свое катче за рекреација и дружење. Паркот ќе содржи зелени површини, пешачки патеки со клупи, спортско игралиште за рекреација на младите и детско игралиште“, изјави градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин.



# ПРОЛЕТНА ПОДГОТОВКА НА ФОНТАНИТЕ НИЗ ПАРКОВИТЕ ВО АЕРОДРОМ

Општина Аеродром ги подготвува фонтаните низ парковите за нивно пуштање во функција.

Се отстрануваат оштетените плочки и други дотраени делови од фонтаните и се заменуваат со нови, а се поставува и нова хидроизолација.

Исто така, реконструирани се фонтаните во Паркот на езерата и паркот „Авионче“, како и фонтаните на Детска улица „Тоше Проески“, фонтаната „Печурка“ кај игралиштето во Ново Лисиче, и во паркот „Јане Сандански“.



# НОВ СКВЕР ВО АЕРОДРОМ

Хортикултурно се уреди новиот зелен простор со содржини за сите генерации, лоциран меѓу булеварот „Јане Сандански“ и улицата „Владимир Комаров“. Заедно со Град Скопје продолжуваме да ги уредуваме запоставените површини. За убав и зелен Аеродром!





# ПОСТАВЕНИ ТРИ МОБИЛНИ УРЕДИ ЗА МЕРЕЊЕ НА ВОЗДУХОТ

Во рамките на проектот „Справување со загадувањето во Скопје“ во населбата Лисиче се поставени три мобилни уреди за мерење на квалитетот на воздухот 24 часа на ден.

Со помош на овие мерни станици може да се увиди нивото на загаденост во секој час од денот, како и прецизно да се утврди од каде што доаѓа најголемиот процент на загадувањето што е од голема корист за преземање соодветни натамошни мерки против загадувањето.

За успешно решавање на проблемот клучно е прво да имаме прецизна дијагноза. Проектот е финансиран од Владата на Шведска и спроведен од УНДП во партнерство со Град Скопје.

Ги преземаме сите мерки за заштита на животната средина.








## ПОЧНА ПРОЛЕТНОТО КОСЕЊЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ





# ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЈА СЛАВИ 100-ГОДИШНИНАТА ОД РАЃАЊЕТО НА БЛАЖЕ КОНЕСКИ






Општина Аеродром активно се вклучува во манифестацијата „2021 – Година во чест на Блаже Конески“.

Со оваа манифестација се одбележуваат 100 години од раѓањето на големиот деец Блаже Конески – филолог, поет, прозаист, есеист, литературен историчар, преведувач, професор на Филозофскиот факултет во Скопје и прв претседател на Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ).

По тој повод, градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин, и неговите соработници остварија средба со секретарот на Фондацијата „Небрегово“, Атанас Конески, на која разговараа за учеството во организирањето на јубилејот на македонскиот великан.

Притоа, беше договорено Општина Аеродром и основното училиште „Блаже Конески“ да се вклучат во манифестацијата со конкретни содржини. Исто така, ќе се вклучат сите училишта во општината да земат активно учество на конкурсот распишан од Фондацијата „Небрегово“, со поетски творби што ќе ги испратат во определен рок.

„Ми претставува голема чест и задоволство што Општина Аеродром ќе биде домаќин на дел од оваа прекрасна манифестација. Учениците со сопствени ликовни и поетски творби во чест на Блаже Конески, притоа поттикнати од неговите дела“, истакна на средбата градоначалникот Марин.

# РЕНОВИРАНО ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“



Градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин, и претседателката на Советот, Ивана Цветковска, извршија увид во основното училиште „Блаже Конески“, кое неодамна беше реновирано.

Дел од училниците добија нов под, нови ПВЦ-врати, завеси, ЛЕД-светилки и плакари во канцелариите и училниците. Поставен е и ламинат на подот во кујната на училиштето, како и во канцелариите, кои исто така добија и нови плакари. Реновирањето опфати и санација на дел од тоалетите во училиштето.

„Секојдневно работиме на подобрување на условите во кои учат нашите ученици. Посветени сме на нашите најмлади, тие се нашата иднина“, рече градоначалникот Марин при посетата.



# ПОСТАВЕН КАМЕН-ТЕМЕЛНИК НА ВТОРИОТ БЛОК ОД УЧИЛИШТЕТО „ДИМИТАР МАКЕДОНСКИ“

Со поставувањето на камен-темелникот на вториот блок се интензивираа градежните работи на новиот објект на училиштето „Димитар Македонски“ во населбата Лисиче. Според предвидениот рок, се очекува објектот да биде пуштен во употреба оваа година.

„Изградбата на новиот објект е од витално значење за учениците од овој дел на општината“, изјави градоначалникот на Општи-





-на Аеродром, Златко Марин, и посочи дека населбата Лисиче ќе добие современо основно училиште.

Инаку, новото училиште е со површина од 2 840 квадратни метри и со капацитет од 700 ученици организирани во две смени. Ќе биде опремено со најсовремени кабинети, простории за дневен престој, кујна и простории за наставниците.

# РЕНОВИРАНИ ЦЕЛОСНО НЕУПОТРЕБЛИВИ УЧИЛНИЦИ ВО ООУ „ЃОРГИЈА ПУЛЕВСКИ“

По цели 15 години запуштени и руинирани училници во ООУ „Ѓорѓија Пулевски“, Општина Аеродром целосно ги обнови и ги стави во функција.

Училниците добија нов под, обновени ѕидови, сосема ново осветлување, како и нови прозорци и врати.

Остануваме посветени на нашите најмлади.



Пред



Потоа



Пред



Потоа

# СО ДОГРАДБАТА НА УЧИЛИШТЕТО, СЕ УКИНУВА ТРЕТАТА СМЕНА ВО ООУ „ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ“

Неодамна почна изградбата на четирите нови училници во рамките на основното училиште „Лазо Ангеловски во Ново Лисиче.

Доградбата на училиштето се одвива со одлична динамика. Проектот предвидува изградба на приземје и кат со вкупна површина од 390 м2, хол, канцеларии и санитарни јазли, што ќе бидат поврзани со веќе постојниот објект на училиштето.



„Изградбата на новите училници е од исклучителна важност за учениците, бидејќи не само што ќе се прошири капацитетот на училиштето туку и ќе се реши деценискиот проблем, а тоа е укинувањето на третата смена“, изјави градоначалникот Марин.

Општина Аеродром континуирано вложува во подобрување на условите во образованието и во иднината на најмладите.



# СПОРТСКАТА САЛА ВО НОВО ЛИСИЧЕ ДОБИ НОВА ПОДЛОГА И ЛЕД-СВЕТИЛКИ

Салата во спортскиот центар „Ново Лисиче“ доби нова ергономска подлога и нови штедливи ЛЕД-светилки.

Новата подлога ќе придонесе за побезбедно спортување на граѓаните што го користат спортскиот центар како место за тренинг и релаксација.

„Спортот е еден од најважните фактори на нашето општество, а Аеродром гордо го носи епитетот – најспортска општина. Ние континуирано го негуваме спортскиот дух на аеродромци и посветено работиме на обезбедување современи услови во салите и на отворените игралишта“, рече градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин.



Општина Аеродром и во наредниот период продолжува со реконструкција на спортските и детските игралишта.

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ ЌЕ ДОБИЕ ТРИМ-ПАТЕКА



Општина Аеродром објави јавен повик за изработка на проект за изведба на трим-патека со хортикултурно и партерно уредување во срцето на Аеродром, односно во непосредна близина на поранешната слаткарница „Стела“.

Патеката е планирано да биде со должина од 550 метри и широчина од 2,7 метри, а ќе има две чешми и соодветно осветлување.

# АЕРОДРОМ ПОТПИША МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА СО ГОЛФ-ФЕДЕРАЦИЈАТА

Градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин, и претседателот на Македонската голф-федерација, Наум Јанакиев, потпишаа Меморандум за соработка со што се отвора патот за изградба на голф-терен во Аеродром.

Во рамките на соработката ќе се овозможат меѓусебна техничка соработка и размена на искуства директно или преку други институции и организации доколку е тоа попрактично и поефикасно, а се однесуваат на широк спектар прашања во врска со реализација на проектот „Голф-терен во Република Северна Македонија“ и негово промовирање.

„Потпишувањето на овој Меморандум е од огромно значење за Општина Аеродром, затоа што отвора едно сосема ново поглавје во областа на спортот и популаризација на голфот во нашата држава. Интензивно ќе работиме на реализација на идејата за изградба на првите голф-терени во нашата земја“, изјави градоначалникот Марин.



Тој додаде дека изградбата на голф-терените ќе ја стави Општина Аеродром на мапата на светските дестинации и за развивање на голф-туризмот по примерот на земјите од регионот.

„Потпишувањето на Меморандумот за соработка е од големо значење како прв конкретен чекор за исполнување на амбициите за изградба на голф-терен во нашата држава. Ова претставува развојна платформа за нас како федерација, но и уште позначајно за нашите членки клубови во Федерацијата, на кои со оваа поддршка им се создаваат услови за полесно и побрзо да стигнат до конкретна реализација на Голф-проекти во Општина Аеродром“, изјави претседателот на Голф-федерацијата, Наум Јанакиев.

Изградбата на голф-терените е еден од капиталните проекти во рамките на стратегиската платформа „Аеродром - прва општина со европско знаменце“. Спортот останува еден од врвните приоритети на Општината.



# И ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА АЕРОДРОМ ВЛОЖУВА ВО УЧИЛИШНИОТ СПОРТ

Стручните лица алармираат дека немањето доволно физичка активност, може да доведе до сериозни проблеми во развојот на младите.

Затоа, и во услови на пандемија, Општина Аеродром вложува во училишниот спорт и се грижи за одржување на физичката активност на учениците. Така, во основното училиште „Ѓорѓија Пулевски“ се следат мерките за заштита и секој момент кога е топло времето се користи за настава на отворено. Спортските работници, професорите и наставниците се надеваат дека од следната учебна година ќе имаат полни училишта и сали. Дотогаш порачуваат секој да работи на своето здравје со индивидуално спортување.



# ГО ОДБЕЛЕЖАВМЕ 6 АПРИЛ – МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА СПОРТОТ



Општина Аеродром во соработка со Олимпискиот комитет го одбележа 6 Април - Меѓународниот ден на спортот за развој и мир. Настанот се одржа во дворот на ООУ „Ѓорѓија Пулевски“, а учествуваа ученици од сите основни училишта на територијата на Општина Аеродром.

Се одржаа натпревари во кошарка, ракомет, велосипедизам, фудбал, одбојка, атлетика и други спортови, со што сите учесници испратија силна порака за соодветниот и долгорочен развој на олимпизмот, спортот, здравиот живот и фер-плејот. Претседателот на ОКСМ, Даниел Димевски и директорот на училиштето, Марјан Јовановски, испратија пораки до сите млади за значењето на спортот, а особено за користење на спортот како алатка за закрепнување од пандемијата преку спортските активности.

Сите учесници, на крајот на оваа манифестација покажаа бел картон - симбол на мирот, симбол на оваа манифестација, момент преку кој најмладите испратија силна порака за мир, меѓусебната толеранција и разбирање на сите граѓани низ целиот свет.

# ОПШТИНА АЕРОДРОМ СО ЗАЛОЖБА ДА ГО НОСИ ПРЕДЗНАКОТ ОЛИМПИСКА ОПШТИНА

„Развој на спортот и унапредување на спортскиот менаџмент кај спортските субјекти“ беше главната тема на настанот што се одржа во ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ во организација на Олимпискиот комитет на Северна Македонија и Општина Аеродром. Настанот, меѓу другото, опфати и дебата на која учествуваа претседателот на Олимпискиот комитет на Северна Македонија, Даниел Димевски, советничката за спорт во Владата на Република Северна Македонија, Силвија Митевска, и претседателката на Советот на Општина Аеродром, Ивана Цветковска.

„Општина Аеродром е исклучително посветена на поддршка и развој на спортот, па токму и поради тоа сме препознаени како една од најспортските општини во земјава, но и во регионот. Аеродром на годишно ниво издвојува околу 500 илјади евра за поддршка на олимписките спортови, како што се кошарката, фудбалот, ракометот, каратето, обезбедивме бесплатни часови по пливање за дечињата со посебни потреби, а континуирано го помагаме и кик-боксот, кој изминатите години е многу актуелен спорт кај нас“, истакна Цветковска.

Таа потенцираше дека заедно со Владата и Македонскиот олимписки комитет, Општина Аеродром работи на еден од најголемите спортски инфраструктурни проекти – Дом на спортовите, кој ќе биде сместен покрај кејот на реката Вардар. „Нашата заложба во иднина е Аеродром да аплицира и да стане прва Општина во Македонија што ќе го носи предзнакот олимписка општина“, истакна Цветковска.



# ГО ПРОМОВИРАМЕ ВЕЛОСИПЕДИЗМОТ КАКО ЗДРАВ НАЧИН НА ЖИВОТ



Општина Аеродром заедно со наставниците по физичко образование и учениците од сите училишта го промовираа велосипедизмот како спортска активност од која сите имаат придобивки.

Учениците возеа велосипеди тргнувајќи од велосипедскиот полигон во дворот на ООУ „Ѓорѓија Пулевски“ каде што неодамна е обновена хоризонталната и вертикалната сигнализација. Тие поминаа по новите велосипедски патеки покрај булеварот „АСНОМ“.

„Како општина секогаш ги поддржуваме сите настани поврзани со учениците и спортот. Возењето велосипед е спорт од кој сите имаме многу придобивки, здраво тело, но и зачувување на животната средина здрава и чиста“, порача градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин.

Инаку, Општина Аеродром и оваа година планира да распише јавен повик за доделување субвенции за набавка на велосипед, како и изминатите две години, за што кај аеродромци постои голем интерес.

Настанот беше во организација на Општинскиот сојуз за училиштен спорт на Општина Аеродром и невладината организација „Еко Лоџик“ и се одржа според препорачаните протоколи на Министерството за здравство.



## КАКО ДА ОСТАНЕМЕ НОРМАЛНИ ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА

# СÈ ШТО НИ ПОМАГА НАМ, А НЕ Е НА ШТЕТА

**Нема универзален одговор, за некој тоа е читањето книги, за друг медитацијата, за некој, пак, гушкањето со децата пред спиење... Стручната помош секогаш е опција, меѓутоа, важни се и нашите пријатели, роднини, соседи, колеги и познајници... Не е потребно да се опседнуваме и постојано да следиме вести поврзани со короната...**

**Марија СПАСОВСКА, психолог психотерапевт - МОДИ центар**



Светот веќе една година функционира отежнато, човекот го изгуби чувството за целосна слобода и спонтаност. Пандемијата со коронавирусот предизвика многу промени во нашите животи, се појавија голем број предизвици на кои треба да одговориме како во професионалниот, така и во личниот живот. Не го гледаме крајот на ваквата состојба, ограничено комуницираме, не се движиме слободно, неизвесни прогнози, онлајн-настава, работа од дома – се само некои од причините за зголемен ризик од психички тешкотии.

Полесно е да се прифати проблемот кога знаеме што да очекуваме, меѓутоа, во ова време на пандемија тоа не го знаеме со сигурност, преплавени сме со безброј информации што можат да нè збунат и да ни го зголемат чувството на несигурност. Сложената промена на животните ситуации во кои се загрозени телесното и физичкото здравје, социјалното функционирање и егзистенција доведува до зголемена количина стрес, анксиозност, страв. Анксиозноста во одредени ситуации може да има и заштитна функција во смисла на тоа што нè предупредува на опасност, но проблемот настанува кога тоа чувство ги надминува нашите способности да се справиме со неа. Се манифестира со низа телесни сензации, како што се забрзано биење на срцето, чувство на недостиг на воздух и тежина во градите, тресење на рацете, главоболка и општо лошо чувство.

Не е лесно да се поднесува чувството на страв за сопственото здравје, за здравјето и животот на блиските, а исто така и стравот и неизвесноста во врска со егзистенцијалните проблеми, како, на пример, можното губење на работното место.

Со неизвесноста секој се справува онака како што најдобро знае и умее. Објавувањето на бројките на новозаразени и починати кај некои луѓе предизвикува паника, додека кај други се јавува заситеност, или, пак, дејствува спротивно и доведува до негација и бунт. Сите можни реакции се очекувани и не сме психички болни доколку во оваа ситуација функционираме отежнато.

Статистиката вели дека е зголемен и бројот на луѓе кај кои се појавуваат тешкотии во психичкото функционирање како резултат на целокупната ситуација предизвикана од пандемијата.



# НА ДРУГИТЕ Е ДОБРО И ПРЕПОРАЧЛИВО

Многу семејства долго време останаа разделени како резултат на затворените граници, некои од нас немаат со кого да ја споделат тагата, да ја прослават радоста... Без оглед на загрижувачките резултати во однос на менталното здравје за време на пандемијата, не треба да се потцениме. Човекот е опремен со адекватни алатки за преживување и зачувување на психичкото здравје. Важна е мотивацијата и она за што живееме, што ни ја дава смислата на животот, она што секој го знае за себе и може да го пронајде било сам или со помош на некој друг. Стручната помош секогаш е опција, но важни се и нашите пријатели, роднини, соседи, колеги и познајници. Важно е да запомниме дека е во ред да се чувствуваме лошо, да бидеме исплашени и загрижени, да се појават лоши мисли, но и да ги споделиме тие чувства и мисли со другите. Не е потребно да се опседнуваме и постојано да следиме вести поврзани со короната. Можеби е добро да се информираме само еднаш дневно, да веруваме во сопствените капацитети и внатрешни ресурси за адекватно и креативно приспособување, да ги мобилизираме и зајакнуваме.

Добро е да се осмисли структурата на денот, да се чита, да се вежба, да се одржуваат социјалните контакти. Сè што ни помага нам, а не е на штета на другите е добро и препорачливо. Секој за себе најдобро може да процени што му е потребно да го одржи внатрешниот мир. Нема универзален одговор, за некој тоа е читањето книги, за друг медитацијата, за некој, пак, гушкањето со децата пред спиење... Потребно е да се избегнува зголемена консумација на алкохол или цигари, кои поради стресот може да станат потреба, а со тоа и да предизвикаат зависност. Особено психички ранлива група се возрасните луѓе, нашите родители, кои живеат сами и кај кои може да се појави чувство на осаменост и безвредност. Пожелно е редовно секојдневно јавување и споделување позитивни вести и убави случки, може и да им се дадат некои полесни задачи, на пример, неколку часа да ги чуваат внуците, да помогнат во градината или едноставно повремено да ги посетуваме.

За зачувување на менталното здравје за време на пандемија, многу е важно да се вложува во нашата емоционална и психичка благосостојба, во позитивното функционирање, во општествената благосостојба или во односот кон другите, во духовната благосостојба или во смислата на живеењето. Сето тоа го сочинува нашето ментално здравје и потенцијал.









# ЅИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ



Месечина - Калин Ацковски



Магла - Мери Цакиќ



Хибискус од мојата градина во Лисиче - Дијана Келтаневска

Драги читатели, Општина Аеродром од поодамна ви нуди можност на овие страници од весникот да го покажете својот креативен дух претворен во ваши фотографии. Токму овој простор од весникот е посветен на сите тие што сакаат и умеат да фотографираат или, пак, поседуваат прекрасни фотографии. Прифатливи се фотографиите со кои ќе ја претставите Општина Аеродром, природа, пејзажи, фотографии од вас сликани во неа, од вашите најслатки, најоткачени и најсреќни деца, миленичиња, оние што ви ја смеат душата, едноставно, сè што мислите дека е интересно и заслужува место во овој весник.

Старите фотографии од Општина Аеродром ќе бидат објавени со посебно задоволство! Фотографиите можете да ги испраќате на електронската адреса на весникот:

vesnik@aerodrom.gov.mk



Огнено зајдисонце - Зоја Таревска Петрушевска



Снег во Аеродром - Александар Спасов



Снежен Аеродром - Мартина Сајкова



Кокичиња во Аеродром - Елена Чадиковска



Снешко - Гоце Јоновски

**ЗАДОЛЖИТЕЛНО!**

**ПОКРАЈ ФОТОГРАФИЈАТА, ТРЕБА ДА СЕ НАВЕДЕ НАСЛОВОТ, ЛОКАЦИЈАТА И ИМЕТО НА АВТОРОТ.**

# ИЗВИДНИЧКО-ПОРЕЧАНСКИОТ ОДРЕД „ГАЛЕБ“ ДОБИ ПРОСТОРИИ ОД ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Извидничко-поречанскиот одред „Галеб“ по повод Светскиот ден на извидниците, 22 февруари, доби на користење простории од Општина Аеродром, лоцирани на раскрсницата меѓу булеварите „АСНОМ“ и „Србија“.

Градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин, и претседателката на Советот, Ивана Цветковска, им ги предадоа клучевите од објектот на претставниците на старешинството на одредот.





Извидниците ќе можат да го адаптираат овој простор според своите потреби и да го користат за реализација на своите активности.

„Извидништвото е особено значајно бидејќи придонесува за физичкиот, менталниот и духовниот развој на младите луѓе, притоа развивајќи ги вештините за снаоѓање во природа и во други сфери од живеењето, кои понатаму ќе им помогнат во животот“, истакна градоначалникот Марин.

# ПОСТАВЕНИ ЗАШТИТНИ СТОЛПЧИЊА И ОГРАДИ ВО НАСЕЛБА ЛИСИЧЕ

Општина Аеродром поставува заштитни столпчиња и огради на различни локации во населбата Лисиче каде што редовно има поголема фреквенција на пешаци и возила. Станува збор за сообраќајни решенија што имаат цел да ја зголемат безбедноста на пешаците, со што ќе се ослободи простор за нивно непречено и безбедно движење по тротоарите, кои многу често се узурпираат од непрописно паркираните возила.

Заштитни столпчиња досега се поставени на тротоарите што се во непосредна близина на трговскиот центар во Лисиче. Општината постави и заштитни железни огради пред влезот и по должина на тротоарот покрај детската градинка „Буба Мара“, како и пред влезот на основното училиште „Димитар Македонски“, со што ќе се превенира директно излетување на дечињата и учениците на самите улици по кои минуваат возила.





# СЕРВИСНИ ТЕЛЕФОНИ

| | |
|---|---|
| Итна медицинска помош | 194 |
| Пожар и елементарни непогоди | 193 |
| Центар за известување и тревожење | 195 |
| Полиција | 192 |
| ПС Аеродром | 2432 362, 3142 408 |

## Градинки

| | |
|---|---|
| Срничка | 2455 512 |
| Буба Мара | 2434 530 |

## Основни училишта

| | |
|---|---|
| Блаже Конески | 2469 746 |
| Браќа Миладиновци | 2460 479 |
| Ѓорѓија Пулевски | 2455 510 |
| Љубен Лапе | 2450 220 |
| Лазо Ангеловски | 2430 324 |
| Димитар Македонски | 2440 011 |
| Гоце Делчев | 2438 288 |
| Александар Македонски | 6152 513 |

## Средни училишта

| | |
|---|---|
| Владо Тасевски | 2464 123 |
| Димитар Влахов | 2464 590 |
| Марија Кири Склодовски | 2452 189 |

## Библиотеки

| | |
|---|---|
| Јане Сандански | 2466 474 |
| Кирил Пејчиновиќ | 2450 449 |
| Рајко Жинзифов | 2443 450 |

## Урбани заедници

| | |
|---|---|
| Бисер | 075/316 526 |
| Јане Сандански | 075/316 527, 2451 050 |
| Мичурин | 075/316 522 |
| Острово | 075/316 510 |
| Стар Аеродром | 075/316 517, 2468 433 |
| Ново Лисиче | 078/371 764 |
| Горно Лисиче Запад | 075/316 523, 2438 891 |
| Горно Лисиче Север | 075/316 511, 2438 891 |
| Горно Лисиче Југ | 075/316 541, 2438 885 |
| Населба Лисиче | 075/316 520 |
| МЗ Долно Лисиче | 075/316 521, 2792 072 |

## Амбуланти

| | |
|---|---|
| Јане Сандански | 2463 277 |
| Лисиче | 2440 810 |
| Пелагонија | 2460 478 |

## ОПШТИНА АЕРОДРОМ

| | |
|---|---|
| Централа | 2400 970 |
| Пријавница | 2401 511 |
| Контакт со граѓани | 2401 555 |
| Локален економски развој | 2401 542 |
| Правна служба | 2401 556 |
| Човечки ресурси | 2401 538 |
| Урбанистички планови | 2401 529 |
| Осветлување | 2401 533 |
| Комунална инспекција | 2401 521 |
| Градежна инспекција | 2401 521 |
| Инспекција за домување | 2401 521 |
| Инспекција за животна средина | 2401 521 |
| Финансии | 2401 513 |
| Буџет | 2401 536 |
| Сметководство | 2401 535 |
| Даноци, такси и други приходи | 2401 537 |
| Данок на имот | 2401 553 |
| Јавни набавки | 2401 548 |
| Образование и култура | 2401 517 |
| ИТ | 2401 530 |
| Социјална заштита | 2401 518 |
| Архива урбанизам | 2401 525 |
| Совет на Општина Аеродром | 2401 512 |
| Инспекција | 2401 522 |
| Животна средина | 2401 552 |
| Урбанизам | 2401 528<br>2401 529<br>2401 545 |
| Комунално одделение | 2401 532<br>2401 534<br>2401 540 |

## Јавно осветлување

| | |
|---|---|
| ЕВН | 3205 000 |
| КОД инженеринг | 2672 196 |

## Јавни претпријатија

| | |
|---|---|
| ЈП „Водовод и канализација“ | 3073 010 |
| ЈП „Паркови и зеленило“ | 2464 272 |
| ЈП „Комунална хигиена“ | 3216 644 |

| | |
|---|---|
| Оџачарски услуги | 2440 293 |
| Кабаст отпад | 0800 222 33 |

**ПРИЈАВИ КОРУПЦИЈА:**

**080052222**


ОПШТИНА
АЕРОДРОМ